- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

*2.3.Принцип на соработка* - Програмата се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државните и локалните власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

## 3.ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА:

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

Главната цел на програмата е **контрола над популацијата на бездомните кучиња** во општина Босилово, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

- спроведување на стратегијата „залови –стерилизирај – вакцинирај –врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица.

Спроведувањето на оваа програма воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што се избегнуваат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

**Образложение:**

**Контрола на популацијата на бездомните кучиња** првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат.Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема